# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**02.12.2008**<br>**БРОЈ 9 ГОДИНА 43** | |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот за престанок на мандат на член на Советот, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година

**Број 08-2802/3**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 8 точка 3 алинеа 1 од Изборниот законик (Сл. весник на РМ бр.40/06) член 46 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ. бр.5/06) член 67 и 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ**

На Билјана Балазоска и престанува мандатот член во Советот на општина Охрид, поради неспоивост со функцијата советник и вработен во општинската администрација.

Мандатот член на Совет и престанува заклучно со 31.10.2008 год.

**Број 07-2802/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот за верификација на мандат на член на Советот, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

**Број 08-2802/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ. бр.5/06) член 18 од Статутот на општина Охрид и член 12 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид , Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ**

1.Се верификува мандатот на членот на Советот на општина Охрид **ТРАЈАН МАРКОСКИ.**

2.Мандатот на именованиот ќе трае до завршувањето на мандатот на Советот.

**Број 07-2802/4**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА И РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2009 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт фискална стратегија и развојни програми на општина Охрид за 2009 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година

**Број 08-2803/3**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година донесе:

# О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА И РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2009 ГОД.

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува Нацрт фискална стратегија и развојни програми на општина Охрид за 2009 год.

**Член 2**

Фискалната стратегија со развојните документи ќе биде ставена на јавен увид пред граѓаните.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„

**Број 07-2803/3**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОД.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Охрид за 2008 г., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година

**Број 08-2803/ 4**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 г.) и член 18 од Статутот на ЕЛС Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07 год.), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 год., ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОДИНА

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Охрид за 2008 год. и тоа на следниот начин:

| Програма / Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **FA** | Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) | | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 0 | -181.500 | 0 | 0 |
| **G2** | Поттикнување на развојот на туризмот | | | | | |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 127.500 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 39.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 483240 | Купување на информатичка и Видео опрема | 0 | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општината за 2008 год., а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2803/4**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„-ОХРИД ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2008 Г. ДО 30.06.2008 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид во периодот од 01.01.2008 год. до 30.06.2008 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

**Број 08-2803/5**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година донесе:

## О Д Л У К А

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2008 ГОД. ДО 30.06.2008 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец “ Охрид во периодот од 01.01.2008 год. до 30.06.2008 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2803/5**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот :

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДЕВЕТМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА МЈП„ПРОАКВА“-СТРУГА, РЕ„ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“-СТРУГА, РЕ „ВОДОВОД“ – ОХРИД, РЕ „КОЛЕКТОР“-СТРУГА, ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2008 ГОД.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Деветмесечен Извештај на МЈП„Проаква“-Струга, РЕ„Водовод и канализација“-Струга, РЕ„Водовод“-Охрид, РЕ„Колектор“-Струга, за периодот од 01.01. до 30.09.2008 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

**Број 08-2803/6**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДЕВЕТМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА МЈП „ ПРОАКВА“ СТРУГА, РЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СТРУГА, РЕ ВОДОВОД ОХРИД , РЕ КОЛЕКТОР СТРУГА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 30.09.2008 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** деветмесечниот извештај на МЈП„Проаква“ Струга, РЕ Водовод и канализација Струга, РЕ Водовод Охрид, РЕ Колектор Струга, за периодот од 01.01-30.09.2008 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2803/6**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ТРАЈНА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА – ЛЕТНИЧКИ ИЗВОРИ ОХРИД 1.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за трајна експропријација – Летнички извори Охрид 1., што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

**Број 08-2803/7**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 2 став 1 точка 11 од Законот за експропријација („Сл.весник на РМ“ бр.33/95) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11. 2008 год. донесе:

## О Д Л У К А
### За трајна експропријација

**Член 1**

Се усвојува Предлогот за вршење на трајна експропријација во врска Проектот за изградба и стопанисување на четири мали хидро-електрани Летнички извори – Охрид 1. на следните парцели.

- Кп.бр.384/1 во површина од 62 149 м2. – сопственик Република Македонија, корисник Национален парк Галичица;

- Кп.бр.384/2 во површина од 3771 м2. од кои сопственик на една идеална ½ во површина од 1885 м2. е Република Македонија, корисник Национален парк Галичица, а сопственик на друга идеална ½ во површина од 1885 м2. е Ристоски Круме Ѓорги од Охрид;

- Кп.бр.384/3 во површина од 1190 м2. од кои сопственик на една идеална ½ во површина од 595 м2. е Република Македонија, корисник Национален парк Галичица, а сопственик на друга идеална ½ во површина од 595 м2. е Ристоски Круме Симеон од Охрид;

- Кп.бр.384/4 во површина од 755 м2. – сопственик Република Македонија, корисник Национален парк Галичица;

- Кп.бр.17/20 во површина од 845 м2. сопственик РЕпублика Македонија, корисник Национален парк Галичица.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2803/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2008 год.** **Претседател,**
**О х ри д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВРЕМЕНА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА – ЛЕТНИЧКИ ИЗВОРИ ОХРИД 3.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за времена експропријација – Летнички извори Охрид 3., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

**Број 08-2803/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на Локална самоуправа на општина Охрид, и Одлуката на Управниот одбор на МЈП „ Проаква“- Струга донесена на седницата одржана на ден 21.11.2008 год., Советот на Локална самоуправа на општина Охрид, на седницата одржана на ден 28.11.2008 г., ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ВРЕМЕНА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

**Член 1**

Се усвојува Предлогот за вршее на врмена експропријација во врска проектот за изградба и стопанисување на четири мали хидро-електрани „Летнички извори“-Охрид 3 на следните парцели:

- Кп. бр. 45/2 КО Велестово во површина од 785 м2.
- Кп. бр. 1312/3 КО Рамне во површина од 3702 м2.
- Кп. бр. 1312/4 КО Рамне во површина од 221 м2.

- Кп. бр. 174/4 КО Рамне во површина од 1152 м2.
- Кп. бр. 174/5 КО Рамне во површина од 4408 м2.
- Кп. бр. 174/6 КО Рамне во површина од 8503 м2.
- Кп. бр. 174/7 КО Рамне во површина од 1664 м2.
- Кп. бр. 174/8 КО Рамне во површина од 5545 м2.
- Кп. бр. 254/3 КО Рамне во површина од 2344 м2.
- Кп. бр. 256/5 КО Рамне во површина од 159 м2.
- Кп. бр. 260/3 КО Рамне во површина од 115 м2.
- Кп. бр. 262/2 КО Рамне во површина од 793 м2.
- Кп. бр. 263/4 КО Рамне во површина од 462 м2.
- Кп. бр. 271/8 КО Рамне во површина од 48 м2.
- Кп. бр. 271/9 КО Рамне во површина од 8 м2.
- Кп. бр. 271/5 КО Рамне во површина од 238 м2.
- Кп. бр. 1053/2 КО Рамне во површина од 1268 м2.
- Кп. бр. 1057/2 КО Рамне во површина од 304 м2.
- Кп. бр. 1059/2 КО Рамне во површина од 1532 м2.
- Кп. бр. 1060/5 КО Рамне во површина од 56 м2.
- Кп. бр. 1061/5 КО Рамне во површина од 380 м2.
- Кп. бр. 1062/3 КО Рамне во површина од 2122 м2.
- Кп. бр. 1064/5 КО Рамне во површина од 99 м2.
- Кп. бр. 1064/3 КО Рамне во површина од 385 м2.
- Кп. бр. 263/5 КО Рамне во површина од 198 м2.
- Кп. бр. 266/2 КО Рамне во површина од 278 м2.
- Кп. бр. 267/3 КО Рамне во површина од 10 м2.
- Кп. бр. 256/6 КО Рамне во површина од 131 м2.
- Кп. бр. 256/2 КО Рамне во површина од 166 м2.
- Кп. бр.1060/4 КО Рамне во површина од 57 м2.
- Кп. бр.1061/4 КО Рамне во површина од 1049 м2.
- Кп. бр.1064/4 КО Рамне во површина од 1077 м2.
- Кп. бр. 271/7 КО Рамне во површина од 1863 м2.

Со напомена дека имотните листа за предметните парцели не се изложени.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување од страна на Советот на општина Охрид, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2803/8**
**28.11.2008 год**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВРЕМЕНА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА – ГОРНО БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ СТРУГА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за времена експропријација – Горно Белички извори - Струга, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

**Број 08-2803/9**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид, и Одлуката на Управниот одбор на МЈП„Проаква“-Струга донесена на седницата одржана на ден 21.11.2008 год., Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 28.11.2008 год., ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА НАДОМЕСТОК ЗА ВРШЕЊЕ НА ВРЕМЕНА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА МИНИ ЕЛЕКТРАНИ НА ГОРНО БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ

### Член 1

Се усвојува Предлогот за реализација на проектот за изградба на две мини електрани на Горно Беличките Извори - Струга на врмена експропријација следните парцели:

- Кп. бр. 2468/4 во површина од 105 м2
- Кп. бр. 3267/3 во површина од 105 м2.
- Кп. бр. 2466/2 во површина од 222 м2.
- Кп. бр. 2461/3 во површина од 3350 м2.
- Кп. бр. 2521/2 во површина од 382 м2.
- Кп. бр. 2522/2 во површина од 223 м2.
- Кп. бр. 2523/2 во површина од 1213 м2.
- Кп. бр. 3262/3 во површина од 198 м2.
- Кп. бр. 2520/2 во површина од 142 м2.
- Кп. бр. 2524/2 во површина од 196 м2.
- Кп. бр. 2525/2 во површина од 90 м2.
- Кп. бр. 2546/2 во површина од 48 м2.
- Кп. бр. 2544/2 во површина од 477 м2.
- Кп. бр. 2245/2 во површина од 755 м2.
- Кп. бр. 2543/2 во површина од 955 м2.
- Кп. бр. 2550/2 во површина од 448 м2.
- Кп. бр. 2551/2 во површина од 1037 м2.
- Кп. бр. 2542/2 во површина од 212 м2.
- Кп. бр. 2552/3 во површина од 1448 м2.
- Кп. бр. 2522/2 во површина од 223 м2.
- Кп. бр. 2555/2 во површина од 128 м2.
- Кп. бр. 2556/2 во површина од 94 м2.

- Кп. бр. 2554/2 во површина од 40 м2.
- Кп. бр. 2557/3 во површина од 1132 м2.
- Кп. бр. 2557/2 во површина од 309 м2.
- Кп. бр. 2561/2 во површина од 652 м2.
- Кп. бр. 2562/2 во површина од 859 м2.
- Кп. бр. 2563/3 во површина од 1296 м2.
- Кп. бр. 2564/3 во површина од 1182 м2.
- Кп. бр. 2565/3 во површина од 759 м2.
- Кп. бр. 1535/3 во површина од 2518 м2.
- Кп. бр. 1541/3 во површина од 1751 м2.
- Кп. бр. 1360/3 во површина од 1073 м2.
- Кп. бр. 1358/4 во површина од 2167 м2.
- Кп. бр. 1344/4 во површина од 128 м2.
- Кп. бр. 1344/5 во површина од 1131 м2.
- Кп. бр. 1348/2 во површина од 928 м2.
- Кп. бр. 1349/2 во површина од 1061 м2.
- Кп. бр. 1403/2 во површина од 149 м2.
- Кп. бр. 1402/3 во површина од 1632 м2.
- Кп. бр. 1401/3 во површина од 822 м2.
- Кп. бр. 1399/2 во површина од 27 м2.
- Кп. бр. 1398/3 во површина од 3308 м2.
- Кп. бр. 1414/2 во површина од 464 м2.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2803/9**
**28.11.2008 год**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ТРАЈНА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА С. ЛЕСКОЕЦ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за трајна експропријација с. Лескоец, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

**Број 08-2803/10**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на Локална самоуправа на општина Охрид и Одлуката на Управниот одбор на МЈП„Проаква“-Струга донеена на седницата одржана на ден 21.11.2008 год., Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 г., ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ТРАЈНА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

**Член 1**

Се усвојува Предлогот за вршење на трајна експропријација на земјиште за пристапен пат на трасата во с.Лескоец на која се изведуваат градежни работи за изградба на резервоар и поставување на водоводна и канализациона инфраструктура.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2803/10**
**28.11.2008 г.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК ЗА ОДЗЕМЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ГОРНО БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за определување на средства за исплата на надоместок за одземено градежно земјиште Горно Белички извори, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

**Број 08-2803/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на чл.18 од Статутот на општина Охрид и Одлуката на Управниот одбор на МЈП„Проаква“ – Струга донесена на седницата одржана на ден 21.11.2008 г., Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 28.11.2008 год, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК ЗА ОДЗЕМЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ГОРНО БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ

**Член 1**

Се усвојува Предлогот за определување на средства за исплата на надоместок за одземено градежно земјиште заради изградба на две мали хидроцентрали за Горно-Беличките извори – Струга во висина од 77.960 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата.

**Член 2**

Средствата утврдени во член 1 на оваа Предлог одлука ќе се обезбедат од МХЕ – Горно Белички извори ДОО – Скопје како аванс за третата година, а ќе се исплаќаат преку сметката на МЈП „Проаква“- Струга, Р.Е. Водовод и канализација – Струга.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2803/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2008 г.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕ КОЛЕКТОР-СТРУГА СО КРЕДИТНИ СРЕДСТВА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за прогласување на Одлуката за задолжување на РЕ Колектор-Струга со кредитни средства, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

**Број 08-2803/ 12**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА, ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕ КОЛЕКТОР СТРУГА СО КРЕДИТНИ СРЕДСТВА

Член 1

Се дава согласност на Одлуката од Управниот одбор на МЈП„Проаква“ Струга за задолжување на РЕ Колектор Струга, со кредитни средства, за набавка на работни транспортни возила до 100.000 евра.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2803/12**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОХРИД, ПРИГРАДСКИТЕ И СЕЛСКИТЕ НАСЕЛБИ ВО СЕЗОНАТА 2008/2009 ГОД.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Охрид, приградските и селските населби во сезоната 2008/2009 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

Број 08-2803/ 13
28.11.2008 год.
О х р и д

ОПШТИНА ОХРИД
Градоначалник,
Александар Петрески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ОХРИД , ПРИГРАДСКИТЕ И СЕЛСКИТЕ НАСЕЛБИ ВО СЕЗОНАТА 2008/2009 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид, приградските и селските населби во сезоната 2008/2009 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

Број 07-2803/13
28.11.2008 год.
О х р и д

СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД
Претседател,
Владо Чингоски с.р.

# ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА

## За организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид, приградските и селските населби во сезоната 2008/2009 година

- **Вовед**

Предлог Оперативната Програма за одржување и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид, приградските и селските населби во сезоната 2008/2009 година е изготвена согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за патишта и потребата за отстранување на снегот и голомразиците.

Одржувањето на коловозните површини и нивното оспособување на нормален сообраќај во зимски услови претставува важна потреба на граѓаните и стопанството, бидејќи се можни нарушувања и прекин на нормалното одржување на сообраќајот во градот, особено при изненадувањата од временските услови, а посебно важно е соодветно извршена подготовка на надлежните субјекти како и редовно пратење на метеоролошките услови на интернет сајтовите со цел навремено почнување на активностите за чистење на снегот.

За целосно спроведување на Оперативната Програма за одржување и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2008/09 година покрај горенапишаните подготовки треба да се обезбеди добра соработка со Секторот за сообраќај при СВР - Охрид и Секцијата на Македонија пат - Охрид со цел заеднички да се одговори на потребите во дадените услови.

Исто така граѓаните и другите правни лица мора да го почитуваат комуналниот ред односно да ги чистат тротоарите и коловозите пред своите куќи односно деловни објекти, како и со своите возила да не го попречуваат движењето на сообраќајот во овој случај движењето на специјалните возила за чистење на снег. Само со меѓусебна координација и навремено извршување на своите задачи на сите погоре спомнати субјекти ќе се постигне ефект во отстранувањето на снегот од коловозите и тротоарите, а со тоа и нормално одвивање на сообраќајот во зимски услови.

- **Цел на програмата**

Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Град Охрид, приградските и селските населби во сезоната 2008/2009 година има за цел да предвиди ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Град Охрид опфатено со основниот Урбанистички план како и на целата територија на Општина Охрид итоа преку одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини, дефинирање на работите и задолженија на носителите за реализација на програмата и дефинирање на обврските сите учесници во реализација на програмата.

Тргнувајќи од основната цел на Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2008/09 година, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот. Приоритет при чистењето на снегот и голомразицата им се дава на улиците по кои се одвива градскиот додека одржувањето на меѓуградскиот сообраќај односно магистралните и регионални патишта како и улиците кои се трансферзала на истите се обврска на Секцијата на Македонија пат - Охрид. Утврдувањето на приоритетните улици по категории го утврдува ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид со претходни консултации со Секторот за урбанизам, комунален развој и животна средина. Категоризацијата е резултат на повеќегодшно искуство на ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид во зимското одржување на сообраќајниците како и следење на сообраќајот во зимски услови.

***Преглед на улици предвидени во Предлог Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид, приградските и селските населби во сезоната 2008/09 година :***

***1-ва група на Улици:***

**1.** ул."Јане Сандански"
**2.** ул."Питу Гули" (од ул."Јане Сандански до ул."7 ми Ноември")
**3.** ул."7 ми Ноември" (од"Булевар на револуција" до ул."Железничка")
**4.**ул."Македонски Просветители"(од кружниот тек до Противпожарна Станица")

**5.**ул."Партизанска"(од Булевар "Македонски Просветители " до пресекот со ул. "Асном")
**6.** ул."Димитар Влахов" (од ул."Јане Сандански" до Булевар "Македонски Просветители")
**7.** ул."Абас Емин" (од пресек со Булевар Туристичка до ул. "Гоце Делчев")
**8.** ул."Кирил и Методиј" (од ул."Гоце Делчев" до Горна Порта )
**9.** ул."Гоце Делчев" (од пресек ул."Абас Емин" до крај)
**10.**ул."Марко Цепенков" (од ул."Сирма Војвода" до ул."Момчило Јорданоски")
**11.** ул."Момчило Јорданоски" (од ул."Марко Цепенков" до Пекара Габреш)
**12.** ул." Сирма Војвода" (од ул."Јане Сандански")
**13.** ул."Кузман Јосифоски" (од ул."Партизанска" до ул."Димитар Влахов")
**14.** Новоотворена улица за АРМ иСВР.

***2-ра група на Улици:***

**1.** ул."Абас Емин" (од"Булевар на револуција" до ул."Железничка")
**2.** ул."Стив Наумов" (од"Булевар Туристичка" до ул."Гоце Делчев")
**3.**ул."Асном" (од "Булевар Туристичка" до ул."Карпош Војвода")
**4.** ул. "Даме Груев" (од "Булевар Туристичка" до Кружниот тек)
**5.** ул."Карпош Војвода" (од ул."Јане Сандански" до ул."Асном")
**6.** ул."Марко Несторoски"(од ул."7-ми Ноември" до ул."Питу Гули")
**7.** ул."Кленоец" (од ул."7-ми Ноември" до с. Долно Лакочереј)
**8.** ул."Марко Цепенков" (од ул."Момчило Јорданоски" до Стобекс)
**9.**ул."I-ва Македонска Ударна Бригада (од ул."Питу Гули" до Стобекс)
**10.** ул."Живко Чинго"(од ул."15-ти Корпус" до ОУ" Живко Чинго")

***3-та група на Улици:***

**1.** ул."Кеј Маршал Тито"(од "Булевар Македонски Просветители" до "Асном")
**2.** ул. "Асном" (од "Кеј Маршал Тито" до "Булевар Туристичка")
**3.** ул. "Стив Наумов "(од "Булевар Туристичка" до ул."8 ми Март")
**4.** ул "8- ми Март"(од ул."Железничка" до ул."Стив Наумов")
**5.** ул." Распаќе" (од ул."Гоце Делчев" до "Булевар Туристичка")
**6.** ул. "Галичица" (од ул."Јане Сандански" до ул."Асном")
**7.** ул."Ванчо Николески" (од ул."Партизанска" до ул."Димитар Влахов")
**8.** ул "Карпош Војвода" (од ул."Даме Груев" до ул."Јане Сандански")
**9.** ул "Цар Самоил" (цела)

**10.** ул." Коста Абраш" (цела)
**11.**ул."Момчило Јорданоски" (од ул."Марко Цепенков" до ул."I-ва Македонска Ударна Бригада"
**12.** ул." Егејска" (од ул."Железничка" до ул."7-ми Ноември" )
**13.** ул."Ариф Мустафа"(од ул."Гоце Делчев" до Булевар Туристичка")

***4-ша група на Улици:***

**1.** ул."8-ми Септември" (од ул."Никола Карев" до ул."Сирма Војвода")
**2.** ул."Лазо Трпоски" (од ул."Галичица" до ул."Сирма Војвода")

**3.** ул."Никола Карев"(од ул."Галичица" до ул."Асном" и до "Булевар Туристичка")
**4.**ул."Илинденска"(од ул."Цар Самоил" до ул."Горна Порта")
**5.** ул."Кузман Капидан"(од Горна Порта до Плаошник; од Горна порета до Самоилови)
**6.**ул."Бекир Али Риза (од ул."Абас Емин" до ул."7-ми Ноември")
**7.**ул."Крали Марко"(од ул."Стив Наумов" до ул."Абас Емин")
**8.**ул."Никола Петров Русински"(од "Булевар Туристичка" до ул."Гоце Делчев)
**9.**ул."Гоце Делчев" до ул."Васил Стефоски"
**10.**ул."Васил Стефоски"(од ул."Гоце Делчев" до ул."Махмуд Рифат")
**11.** ул."Махмуд Рифат"(од ул."Гоце Делчев" до ул."Васил Стефоски")
**12.**ул."Деан Војвода"(од ул."Абас Емин" до ул."Стив Наумов")
**13.**ул."Даме Груев"(до комплекс згради нас. "Христо Узунов")
**14.**ул."Богомилска"(ул."Марко Несторoски" до ул."Даме Груев")
**15.** ул."Васил Гланвинов"(од ул."7-ми Ноември" до ул."Марко Несторoски")
**16.**ул."Ѓорче Петров"(ул."Марко Несторoски" до комплекс згради "Христо Узунов")
**17.**ул."Вангел Николоски"(од ул."I-ва Македонска Ударна Бригада" до ул."Марко Цепенков")
**18.**ул."Трајче Дојчиноски"(од ул."I-ва Македонска" до ул."Марко Цепенков")
**19.**ул."1-ви Мај" (од ул."Питу Гули" до "I-ва Македонска" )
**20.**ул."Александар Гушо"(од ул."Питу Гули" до ул."Трајче Дојчиноски")
**21.**ул."Ристо Чадо" (од ул."Железничка" до Стобекс)
**22.**ул."Ванчо Питошески" (од ул."Јане Сандански" до ул."Мирче Ацев")
**23.** ул."Мирче Ацев" (ул."Никола Карев" до ул."Ванчо Питошески")
**24.**ул."Бистрица" (од ул."Железничка" до ул."Васил Стефоски")

***5. Приградски и селски населби:***

Во зависност од потребите и условите на теренот, а по однапред добиен налог и согласност од страна на Одделението на Комунален развој ќе се врши Зимско одржување на пристапните патишта во следните населени места:
**1.**с.Елшани
**2.**с.Коњско
**3.**Населба Исток
**4.**Населба Рача
**5.**с.Велесто

**6.**с.Рамне
**7.**с.Лескоец
**8.**с.Косел
**9.**с.Завој
**10.**с.Вапила
**11.**с.Ливоишта
**12.**с.Куратица
**13.**с.Речица
**14.**с.Плаќе
**15.**с.Свиништа
**16.**с.Лакочереј
**17.**с.Орман

За успешно реализирање на Оперативната Пограма за Зимско одржување во зависност од потребите ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид ќе користи опрема и средства од други физички и правни лица со кои претходно ќе склучи соодветни Договори.

***<u>6. Останати улици:</u>***

Останатите улици кои не се опфатени во погорните категории ќе бидат категоризирани во улици од VI-та категорија и ќе се чистат во зависност од реализацијата на Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2008/09 год.

***<u>7. Улици кои заради специфични местоположби ќе бидат опфатени со рачно посипување</u>***

Одредени улици во Општина Охрид кои заради големите нагорнини не можат да бидат опфатени со оваа Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2007/08 год. односно заради неможноста од поминување на специјалните возила за чистење на снег, како и улици по кои не се одвива сообраќај, а се од посебна важност ќе се посипуваат рачно или со трактор сеалка. Овие улици не се категоризирани во ниедна категорија погоре меѓутоа некои од нив заради својата специфичност ќе бидат категоризирани како улици од I-ва и II -ра категорија со посебна важност, тоа се: ул."Св. Климент Охридски; дел од улиците:"Гоце Делчев", "Даме Груев", "Кирил и Методиј"; улиците во стариот дел на градот; улиците во населба "Бејбунар". како и улиците во селата кои гравитираат во Општина Охрид.

Чистењето на снегот од пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во градот, како и од дрвјата и зеленилото ќе го врши дежурна екипа на РЕ - Паркови и Зеленило.

- **Оперативен дел**

Во првата фаза при снежни врнежи, ќе се врши посипување со мешавина од индустриска сол и камена ситнеж. Приоритетот односно динамиката се утврдува во зависност од висината на снежните врнежи, температурата на воздухот и

предвидувањата на атмосферскиот талог односно снежните врнежи. Најпрво ќе се третираат улиците од I-ва категорија, а потоа останатите, доколку во меѓувреме не се утврди друг приоритет заради воспоставување на нормален тек на сообраќајот. За оваа намена ќе се користат трактори со посипувачи како и влечен растурач на сол и ризла (епоха). Ќе напоменеме дека ефектот на индустриската сол и камената ситнеж имаат ефект на температури повисоки од -3°C додека за температури пониски од наведената ефектот на ваквите дејствија е многу намален.

Доколку снегот на коловозот е над 12 cm се пријдува кон чистење на истиот со возила со снежни плугови, гредери, а доколку се појави потреба се вклучуваат специјални машини како што се ИЦБ, утоварувачи и други специјални возила кои користат гумени тркала.

Чистењето на тротоарите на улиците на места каде што нема деловни објекти и индивидуални станбени објекти ќе го врши ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид додека останатите површини по тротоарите и сообраќајниците должни се според комуналниот ред чистењето да го извршуваат физичките лица односно правните субјекти.

- **Начин на извршување**

Пред отпочнување на дејствија на чистење на снегот од коловозите ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид овластеното лице за спроведување на Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2008/09 год. ќе го извести Секторот за сообраќај при СВР - Охрид за отпочнување на активностите и за потребите на регулирање на сообраќајот во зимски услови. Ова го напоменуваме од причини што ќе има потреба од поминување на специјалните возила како и потреба од поминување на истите со поголема брзина од дозволената со цел поефикаснио чистење на снегот. Во вакви случаи потребно е екипите од сообраќајната полиција да воспостават поинаков режим на сообраќајот односно некои улици да се затворат односно да се пренасочи сообраќајот или да се воспостави сообраќај во еден правец заради поефикасно и побрзо отстранување на снегот од коловозите. Во изминатите години ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид во овој дел имаше одлична соработка со Секторот за Сообраќај при СВР - Охрид.

- **Средства, опрема и организациона поставеност**

За извршување на активностите од Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2008/09 год. ќе се користат следните средства и извршители и тоа:

* ФАП за Зимско Одржување (со епоха или нож)
- обслужувачи - возачи:
1. Чеменкоски Перо
2. Лазарески Владо
3. Младеноски Аце
4. Никлески Мирко
5. Капрически Драган
6. Цветаноски Марјан

*Работни машини
- обслужувачи - возачи:
1. Али Петрит
2. Аврамоски Наум
3. Лошкоски Наум

*Трактор со соларка
- обслужувачи - возачи:
1. Лошкоски Душко
2. Нически Васко

*ЈП "Охридски Комуналец"- Охрид има организирано дежурни служби за одржување на возила и машини итоа:

Бравар:
1. Петрески Трајан

Механичари:
1. Кочоски Науме
2. Мургоски Иљо

*Работници за обавување на работите предвидени со паркови и зеленило:
1. Петрески Милчо
2. Спасе Гогачески
3. Кочоски Петар
4. Орачев Иванчо

За организирање на работата на Зимската служба се формира штаб во состав:

1. Ропчев Наум - одговорен
2. Ристески Миле - заменик одговорен
3. Јованоски Драги
4.Ѓоко Филипчески
5. Рауник Вера
6. Маслов Климе
7.Маслов Стефчо
8.Попоски Александар

Во случај на пообемни врнежи од снег и потреба од собирање и транспортирање на истиот од улиците во Градот, договорните странки накнадно ќе се договорат за начинот и условите под кои ќе се врши чистењето од остатоците од снег.

За извршувањето на Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2008/09 год. ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид односно овластеното лице за спроведување на Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2008/09 год. ќе биде во постојан контакт со Секторот за урбанизам, комунален развој и животна средина од Општина Охрид како и дежурното лице од Секторот за сообраќај при СВР - Охрид.

Со Општина Охрид доколку биде прифатена Предлог Оперативната Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид

во сезоната 2008/09 год. ќе биде склучен посебен Договор со кој ќе се дефинираат правата и обврските на договорените страни како и цените за услугите односно за извршените работи. Притоа по потреба стручните лица од Секторот за урбанизам, комунален развој и животна средина ќе издаваат работни налози со јасно дефинирани работни задачи што треба изведувачот на работите да ги изврши. Начинот на извршување на дадените налози од страна на Секторот за урбанизам, комунален развој и животна средина ќе се договараат со дежурните служби на Секторот за сообраќај при СВР - Охрид.

ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид како изведувач на работите е должен за текот на изведувањето на работите да води градежен дневник во кој ќе се внесуваат податоци за извршените активности со времето на започнување односно прекинувањето изразено во работни часови.

Надзор на изведувањето на работата ќе извршува стручната служба или лице одредено од Сектор за урбанизам, комунален развој и животна средина при Општина Охрид.

Вкупниот расходен дел за оваа програма изнесува 1.500.000,оо денари

**Број 07-2803/13-1**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за пренесување на правото на користење на недвижен имот, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

**Број 08-2803/14**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07) , Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 год., донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

**Член 1**

Општината Охрид го пренесува правото на користење на недвижен имот означен како кп.бр.14264, КО Охрид, објект на МЗ Кошишта со површина од 164 м2. и двор со површина од 469 м2. на МЗ Кошишта и КУД „Гердан“ од Охрид, без надоместок.

**Член 2**

На МЗ Кошишта се пренесува правото на користење на канцеларијата, а на КУД „Гердан“ правото на користење на салата за период од 5 години.

Дворното место корисниците ќе го користат заеднички.

**Член 3**

Реконструкција на објектот и неговот тековно и инвестиционото одржување паѓаат на товар на МЗ Кошишта и КУД „Гердан“.

Корсиниците на објектот меѓусебните односи ќе ги регулираат со посебен договор кој ќе го склучат во рок од 30 дена од објавувањето на оваа одлука во Службен гласник на општината.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во („Службен гласник на општината Охрид“).

**Број 07-2803/14**
**28.11.2008 г.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН МЛАДИНСКИ ПЛАН ЗА ОПШТИНА ОХРИД 2009/2012.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Локален акционен младински план за општина Охрид 2009/2012 г., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година.

**Број 08-2803/15**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2008 година донесе:

# О Д Л У К А
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН МЛАДИНСКИ ПЛАН ЗА ОПШТИНА ОХРИД 2009-2012**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Локалниот акционен младински план за општина Охрид 2009-2012

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2803/15**
**28.11.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН МЛАДИНСКИ ПЛАН

# ЗА ОПШТИНА ОХРИД 2009 - 2012

**ОХРИД, НОЕМВРИ 2008**

**СОДРЖИНА**


1. За Младински Совет ... -----------------------------3 стр.
2. Вовед -----------------------------4 стр.
3. Процес на креирање на Локален Акционен Младински План за општина Охрид (ЛАМП - Охрид) ------------------------------6 стр.
   3.1 Заедничко делување на граѓанскиот сектор на полето на младинската политика ------------------------------6 стр.
   3.2 Истражување за проблемите и потребите на младите во Охрид ------------------------------7 стр.

Подготовка на ЛАМП - Охрид ---------------------------24 стр.

3.4 Учество на јавноста во креирање на локалната
младинска политика ----------------------------26 стр.

3.5 Усвојување на ЛАМП - Охрид -----------------------------26 стр.

4. Список на учесници вклучени во процесот на креирање
на ЛАМП - Охрид --------------------------- 27 стр.

5. Координативно тело ----------------------------28 стр.

6. Локален Акционен Младински План за општина Охрид 2009 - 2012

6.1 Приоритет Образование -----------------------------29 стр.

6.2 Приоритет Вработување -----------------------------33 стр.

6.3 Приоритет Здравство и превенција -----------------------------35 стр.

6.4 Приоритет Квалитет на живеење -----------------------------41 стр.

6.5 Приоритет Младинско учество -----------------------------48 стр.

6.6 Приоритет Информирање -----------------------------51 стр.

6.7 Приоритет Култура -----------------------------53 стр.

6.8 Приоритет Младинска работа -----------------------------59 стр.

**За Младински Совет Охрид...**

Младински Совет Охрид работи на афирмирање на младите заради промоција на нивните интереси, развивање на креативноста и иницијативите, во правец на градење и унапредување на младинската политика и младинската партиципација на локално ниво.

Младински Совет Охрид има визија да прерасне во Младински центар кој ќе биде лидер во младинската политика во регионот и партнер со локалната власт, со препознатлив имиџ во државата, центар со стабилна финансиска структура, постојано вработување и изграден систем на унапредување и наградување во кој младите од Охрид секојдневно ќе ги користат услугите на центарот и ќе учествуваат во креирање на локалната политика, а преку свои претставници ќе партиципираат во донесувањето одлуки.

Посебно внимание здружението посветува на градењето вредности и принципи кои се однесуваат на меѓусебната поддршка, промовирањето на младите како ресурс, на волонтерството, младинскиот активизам, младинската партиципација, демократијата, меѓусебната доверба и соработка, транспарентноста, организирањето и вклучувањето на младите, како и на информираноста, застапувањето и лобирањето за младинска политика и развој на заедницата.

## ТИМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА „ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ МЛАДИНСКИ ПЛАНОВИ ЗА ОХРИД И СТРУГА„

**Младински Совет Охрид:**

**Димче Каневче** - координатор на проектот

**Даниела Кузмановска** - асистент на проектот

**Флорентина Стерјовска** - администратор/финансиски менаџер на проектот

**Илче Каневчев** - локален координатор за Струга

## ВОВЕД

Многупати сме размислувале и сме се запрашале каква е иднината на нашите деца? Што е тоа што им го нуди државата и целокупниот систем за да можат да делуваат и да се развиваат, при тоа, неплашејќи се дека на секој чекор, некаде демне неуспехот и неможноста да успеат во животот. За да се надмине тоа, секое современо граѓанско општество посебно внимание посветува токму на младите, на нивното образование, напредок от и градењето на индивидуи подготвени да се соочат со предизвиците на современото живеење.

Во Република Македонија беше евидентно дека младите не се во можност да влијаат врз донесување одлуки кои се однесуваат директно на нив и на нивните потреби. Започнаа процеси на младинско организирање поттикнати од страна на голем број невладини организации со поддршка на државните институции, со цел да се придвижи целокупната младинска маса да почне да делува и да земе активно учество во креирање на младинската политика во државата.

Засегнати од ваквата состојба на иницијатива на три младински лидерски организации, меѓу кои и Младински Совет Охрид е отпочнат процес на креирање на Национална стратегија за млади и создавање национална младинска „ чадор „ организација.

Владата на Република Македонија во декември 2005 година ја усвои Националната стратегија за млади на Република Македонија која во рок од десет години во рамките на осум приоритети треба да ги задоволи потребите на младите. Таа нуди можност за отпочнување процес на изработка на Локални акциони планови за млади, со цел да се стави во рамка градската политика кон младите.

Локалниот Акционен Младински План(ЛАМП) е првиот чекор во поставувањето на основите на локалната младинска политика која во центарот го става младиот човек, изнаоѓајќи начини и можности за осознавање на неговите потреби и идеи и пронаоѓање на соодветни решенија кои доведуваат до напредок и успех.

Од друга страна пак Локалниот Акционен Младински План претставува план за развој на локалната заедница како квалитетно место за живеење, создавање рамка за развој на потенцијалите на младите и нивно вклучување во процесите на одлучување за активностите кои го засегаат нивниот живот и процесите на одлучување на локално ниво.

Локалниот Акционен Младински План за општина Охрид претставува локална примена на Националната стратегија за млади и како модел на партиципативна демократија им овозможува на младите активно креирање на сопствената иднина и создава стратешки темели за дефинирање на локалната политика кон младите.

Целта на ЛАМП - Охрид е да се утврди општествениот статус на младите, но и да се дадат согледувања што локалната самоуправа, институцииите и сите општествени чинители можат да сторат за да се подобри статусот на младите. Со тоа јасно се одредува сегашната состојба, посакуваната состојба (цели) и мерките (активности), како и нивните носители кои би требало да ги доведат до остварување и реализација. Овој план практично станува основа за иден развој на локална младинска политика, сфаќајќи ги младите како активни и рамноправни учесници во локалните процеси и во развојот на локалната заедница.

Корисници на ЛАМП - Охрид се младите во Охрид, децата, учениците во основните и средните училишта, студентите, како и формални и неформални групи на млади до 30 години.

Локалниот Акционен Младински План за општина Охрид се имплементира во периодот од 2009 до 2012 година, а имплементатори се релевантните институции, здруженија на граѓани, локалната самоуправа и јавните претпријатија.

## ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН МЛАДИНСКИ ПЛАН ЗА ОПШТИНА ОХРИД (ЛАМП - Охрид)

Во долгогодишното делување во цивилниот сектор на полето на млади и од досегашното искуство, ја согледавме потребата од јасно дефинирање на стратегија на локално ниво поврзана со младите.

Во склоп со стратешките цели направивме спој на знаењата и искуствата стекнати во земјата и странство кои третираат прашања поврзани со младите и креирање на младински политики, но ја дадовме и нашата визија како да ги издигнеме младите едно скалило погоре која започна да се остварува со поддршка на Тхе Балкан Труст фор Демоцрацѕ- проект на Герман Марсхалл Фунд оф Унитед Статес.

Проектот опфаќа процес на подготовка на локални акциони младински планови за градовите Охрид и Струга кои се одвиваат паралелно во следните фази:

1. **Заедничко делување на граѓанскиот сектор на полето на младинската политика**
2. **Истражување за проблемите и потребите на младите во Охрид**
3. **Подготовка на ЛАМП - Охрид**
4. **Учество на јавноста во креирање на локалната младинска политика**
5. **Усвојување на ЛАМП - Охрид**

## 1. Заедничко делување на граѓанскиот сектор на полето на младинската политика

На самиот почеток ги соединивме на едно место сите засегнати страни кои работат со и за младите, претставници од политички подмладоци и различни етнички групи, претставници на образовните и јавните институции, медиуми, граѓански организации чија целна група се младите и сите субјекти чии корисници се младите, формирајќи една неформална **Коалиција на млади на општина Охрид** која заеднички делува во дефинирањето на градската младинска политика и има за задача да даде целосна поддршка и помош во развивањето на процесот.

Во коалицијата на млади на општина Охрид учествуваа 26 претставници од 23 субјекти кои работат врз развојот на младите.

## 2. Истражување за проблемите и потребите на младите

Целта на спроведувањето на истражувањето беше само опишување на проблемот за потребите на младите во општина Охрид. Самата цел на истражување ни наложи да го употребиме методот на анкетирање, а како техника го избравме прашалникот за анализа за потребите и проблемите на младите во општина Охрид.

**МЕТОД:** Методот на истражување го опфаќа примерокот на испитаници како и постапката и техниките на истражување кои беа применети за прибирање на податоци.

**ПРИМЕРОК:** За целите на истражувањето беа предвидени и поделени 1. 200 прашалници од кои уредно пополнети и вратени беа 919. Единица на анализа во ова истражување се ставовите за потребите и проблемите на младите лица кои припаѓаат на возрасната рамка од 13 до 30 години во општина Охрид со што ја дефиниравме предметната, а воедно и достапната популација. Поради тоа што не постоеше можност за испитување на сите случаи, изборната рамка ја ограничивме. Со намера да обезбедиме репрезентативност на примерокот на испитаници кои се дел од популацијата, а со тоа и можност за понатамошна генерализација на наодите, врз основа на релевантните карактеристики на испитаниците, формиравме квотен примерок. Релевантните карактеристики кои ни послужија за формирање на примерок се: пол, возраст, националност, средина на живеење, оброзование и работен статус.

**МЕРЕН ИНСТРУМЕНТ:** Како техника на прибирање податоци применивме прашалник составен од 24 прашања. Од нив, првите 7 се демографски прашања, а останатите 17 се прашања на ставови и мислења.

Во продолжение следуваат резултатите од истражувањето:

- **Поделени анкетни прашалници:1200**
- **Број на добиени пополнети прашалници: 919**

| | **Институција** | **Број на прашалници** |
|---|---|---|
| 1 | Високообразовни институции | 119 |
| 2 | Средни училишта | 355 |
| 3 | Основни училишта | 229 |
| 4 | Јавни институции | 24 |
| 5 | Медиуми | 10 |
| 6 | Политички партии | 84 |
| 7 | Верски заедници | 12 |
| 8 | Здруженија на граѓани | 86 |
| | **Вкупно** | **919** |

| | | |
|---|---|---|
| **1. Пол:** | - М - 442 | 48% |
| | - Ж - 477 | 52% |
| **2. Возраст:** | | |
| | - до 18 - 597 | 65% |
| | - од 18 до 24 - 101 | 11% |
| | - од 24 до 30 - 221 | 24% |
| **3. Националност:** | Македонци: 790 | 86% |
| | Еѓипќани: 59 | 6.4% |
| | Роми:1 | 0.1% |
| | Власи: 1 | 0.1% |
| | Турци: 17 | 1.8% |
| | Срби: 3 | 0.3% |
| | Албанци: 19 | 2.2% |
| | Македонски муслимани: 5 | 0.5% |
| | Неопределени: 24 | 2.6% |
| **4. Средина на живеење**: | - град - 649 | 70% |
| | - приградска населба - 107 | 12% |
| | - село - 163 | 18% |
| **5. Образование:** | - основно образование - 299 | 33% |
| | - средно образование - 470 | 51% |
| | - виша стручна спрема - 15 | 1.6% |
| | - високо образование - 123 | 13.2% |
| | - магистер - 5 | 0.5% |
| | - доктор на науки - 7 | 0.7% |
| **6. Вработување:** | - вработен/а - 92 | 10% |
| | - невработен/а - 827 | 90% |
| **7. Членство во:** | - здружение на граѓани - 52 | 5.6% |
| | - спортски клуб - 186 | 20.2% |
| | - културно-уметничко друштво - 85 | 9.2% |
| | - политичка партија - 104 | 11.3% |
| | - не сум член на ниедно здружение - 455 | 49.5% |
| | - друго - 37 | 4.2% |

**8. Користење на слободното време:**

| | |
|---|---|
| - дома - 389 | 35.2% |
| - во библиотека- 40 | 3.6% |
| - во кафетерија - 304 | 27.5% |
| - во интернет кафе - 161 | 14.6% |
| - во кино/театар - 22 | 2% |
| - друго 186 | 17.1% |

**9. Слободното време го поминуваат :**

| | |
|---|---|
| - со домашните - 268 | 23.4% |
| - со друштвото - 578 | 50.% |
| - со момчето/девојката -260 | 22.7% |
| - друго - 35 | 3.3% |

**10. На прашањето дали местото на живеење им овозможува можности за осмислување и правилно искористување на слободното време одговориле со:**

| | |
|---|---|
| - ДА - 643 | 70% |
| - НЕ - 276 | 30% |

**11. На прашањето дали испитаниците биле вклучени во планирање и организирање на јавни настани одговориле со**:

| | |
|---|---|
| - ДА - 359 | 39% |
| - НЕ - 560 | 61% |

**12. На прашањето дали би го напуштиле местото на живеење доколку за тоа се укаже прилика одговориле со:**

| | |
|---|---|
| - ДА - 487 | 53% |
| - НЕ - 432 | 47% |

**13. На прашањето за мотивите зошто така би постапиле од 487 кои одговориле на ова прашање со ДА, 327 навеле конкретни мотиви и тоа:**

**1. Лоша економска состојба** **192** **56.6%**

(подобар животен стандард, финансии)

**2. Вработување** **66** **20.5%**

(кариера)

**3. Подобри услови за живот** **65** **19.7%**

(забава, образование, желба за живот во поголемо место, култура, бесперспективност, промена на средина, докажување на вредности, спорт, функционирање на Л.С., слободно време, привремен престој, хигиена, друштво, безбедност, авантура, менталитет)

**4. Криминал, дрога, корупција, дискриминација** **4** **1.2%**

**14. Во овој дел од истражувањето се наведени 8 подрачја, согласно Националната стратегија за млади на Репубика Македонија. Испитаниците во овој дел, (со броеви од 1 до 8) ги означија подрачјата за кои сметаа дека се најголем проблем. Со број 1 го означуваа најголемиот, а со број 8 најмалиот проблем со наведување на бројката до наведените подрачја.**

1. Образование
2. Вработување
3. Здравство и превенција
4. Квалитет на живеење
5. Младинско учество
6. Информирање
7. Култура
8. Младинска работа

| Приоритет | Вкупно | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Образование** | 777 | 112<br>14.5% | 91<br>11.8% | 66<br>8.6% | 83<br>10.7% | 68<br>8.8% | 63<br>8.2% | 80<br>10.3% | 208<br>27.1% |
| **Вработување** | 809 | 422<br>52.2% | 118<br>14.6% | 82<br>10.2% | 37<br>4.6% | 43<br>5.3% | 33<br>4.1% | 34<br>4.2% | 40<br>4.8% |
| **Здравство и превенција** | 803 | 62<br>7.7% | 129<br>16.1% | 145<br>8.1% | 106<br>13.2% | 105<br>13.1% | 87<br>10.8% | 88<br>10.9% | 81<br>20.1% |
| **Квалитет на живеење** | 798 | 119<br>14.9% | 115<br>14.4% | 144<br>18.1% | 112<br>14.1% | 77<br>9.6% | 55<br>6.9% | 77<br>9.6% | 99<br>12.4% |
| **Младинско учество** | 766 | 43<br>5.6% | 53<br>6.9% | 86<br>11.2% | 104<br>13.6% | 117<br>15.3% | 123<br>16.1% | 118<br>15.4% | 117<br>15.9% |
| **Информирање** | 783 | 65<br>8.3% | 68<br>8.7% | 67<br>8.5% | 79<br>10.1% | 118<br>15.1% | 122<br>15.6% | 113<br>14.4% | 115<br>19.3% |
| **Култура** | 771 | 80<br>10.4% | 73<br>9.5% | 78<br>10.1% | 91<br>11.8% | 100<br>12.9% | 108<br>14.1% | 115<br>14.9% | 126<br>16.3% |
| **Младинска работа** | 766 | 78<br>10.2% | 78<br>10.2 | 60<br>7.8% | 81<br>10.6% | 101<br>13.2% | 110<br>10.4% | 96<br>12.5% | 162<br>25.1% |

**15. На прашањето што би требало да се направи за да се намали тој проблем или пак да се иницира решавање на проблемот од страна на 919 испитаници се дадени 1.106 сугестии и тоа:**

**1. Образование 155 41.1%**

**- Поквалитетно образование 99 63.8%**

(без врски, интерактивни работилници, нови програми, стипендии, исфрлање непотребни предмети, поефикасно образование, задолжително средно образование, усогласување на теорија и практика, образование на деца кои не одат на училиште, практична работа, кредити за социјални случаи, размена на студенти, намалување на дискриминација кон малцинствата, зголемување на часови по информатика и јазици, бесплатни курсеви, организирање натпревари по знаење, бесплатен превоз, поголема дисциплина, програми за преквалификација, отварање приватни училишта).

**- Подобри услови во образовните институции 41 26.4%**

**- Наставен кадар 15 9.8%**

(поедуциран кадар, промена на односот на наставниците, корумпиран кадар, подостапни професори)

**2. Вработување 382 34.5%**

**- Отворање нови работни места 220 58.7%**

(вработување на млади, вработување по струка, вработување на квалитетен кадар, волонтирање и стажирање со можност за вработување, вработување на малолетни лица, отворање на нови сезонски работни места)

**- Услови за вработување и работа 84 21.4%**

(намалување на непотизам, преквалификација, непартиско вработување, вработување по национална основа, функционирање на Агенцијата за вработување, намалување на старосната граница за пензионирање, зголемување на плати, осигурување на вработени, вработување без разлика на социјален статус, интервенција на државата во вработувањето, транспарентност при вработување, заштита на правата на работниците, вработување на еден член на семејството, информираност за вработување, еднакви критериуми при вработување)

**- Инвестиции 78 19.9%**

(отворање фабрики и фирми, странски инвестиции, поволни кредити за започнување сопствен бизнис, мотивирање на приватните стопанственици)

| | | |
|---|---|---|
| **3. Здравство и превенција** | **146** | **13.2%** |

**- Подобри услови во здравството** **64** **43.7%**

( бесплатно здравство, подобрување на здравството, поголема хигиена, ред на примање во болниците, спречување на корупција, навремено обезбедување со лекови, здравство по европски стандарди, департизација, смалување на бирократија).

**- Лекарски кадар** **37** **25.5%**

(подобар однос на лекарите, постојано усовршување, ефикасна лекарска помош, контрола на лиценцата за работа)

**- Објекти** **30** **20.5%**

(реновирање на болниците, нови бесплатни домови и амбуланти, отворање на нови центри за лица со посебни потреби, опремување на селски амбуланти, болници за зависници).

**- Превенција** **15** **10.3%**

(едукација против болести, отворање на советувалишта, спроведување на Закон за пушење).

**4. Квалитет на живеење** **189** **17.1%**

**- Подобрување на животен стандард** **134** **71.4%**

(поголеми плати, решавање на финансиски проблеми, пониски цени на производите, развој на економија, паричен надоместок за невработените, редовни плати, лоша економска состојба, намалување на цената на електричната енергија, подобра инфрастуктура).

**- Квалитетно користење на слободното време** **23** **12.2%**

(изградба на спортски сали, курсеви за јога, пилатес и модерни танци, квалитетно користење на слободното време, организирање на спортски настани, забава, инвестиции во спортски и едукативни активности, изградба на детски паркови)

**- Заштита на животната средина** **14** **7.4%**

(екологија, намалување на загадување од фабрики, здрава храна, контрола на храната и другите прехрамбени производи)

**- Социјален живот** **12** **6.4%**

(подигнување на свеста, подигнување на моралот, одговорно извршување на работните задачи, домашна и училишна грижа, домашно воспитување, афирмација на верата и вистинските вредности)

**- Намалување на корупција, криминал, наркоманија и насилство** **5** **2.6%**

**5. Младинско учество** **79** **7.1%**

**- Учество во младински организациии и активности на НВО** **42** **53.2%**

(активирање во НВО секторот, повеќе организации за млади, младински акции, младински клубови, волонтирање , поголемо младинско учество).

**- Вклучување во институции во заедницата** **19** **24%**

(учество во донесување на одлуки, активирање во проекти на Локална самоуправа, вклучување во институции, финансиска стимулација, вклучување во институции).

| | | |
|---|---|---|
| **- Вклучување во организирање на манифестации и настани** | **18** | **22.8%** |

(спортски и културни настани, поголема иницијативност)

| | | |
|---|---|---|
| **6. Информирање** | **49** | **4.4%** |
| **- Неинформираност** | **33** | **69%** |

(несоодветно, неблаговремено информирање, недоволно нформирање на малцинствата, недостаток на информации за младинска работа, недостаток на информации за образование).

| | | |
|---|---|---|
| **- Пристап до информации** | **16** | **31%** |

(поефтин интернет, повеќе веб-страни, поефтини дневни весници, повеќе локални независни медиуми, формирање на друштво за информирање, рекламирање на организации и активности, места за информирање на млади,повеќе информации за млади во весниците, пристап до други информации освен интернет).

| | | |
|---|---|---|
| **7.Култура** | **75** | **6.8%** |
| **- Организирање на културни настани** | **31** | **41.5%** |

(за млади, културни настани вон сезона, културни настани преку целата година, повеќе премиери, вклучување на млади во културни настани)

| | | |
|---|---|---|
| **- Едукација и промоција на културата** | **26** | **34.7%** |

(поголема едукација за културата, зголемена едукација на населението за културата, предавања од областа на културата , подигање на културата преку едукација, промовирање на културата, промоција на македонскиот фолклор).

| | | |
|---|---|---|
| **- Изградба на културни објекти** | **10** | **13.3%** |

(клуб на млади, реновирање на кино)

| | | |
|---|---|---|
| **- Почитување на културните вредности** | **8** | **10.5%** |

(законски казни за некултурно однесување, санкционирање на прекршителите, контрола на плагијати, подобро домашно воспитување)

| | | |
|---|---|---|
| **8. Младинска работа** | **31** | **2.8%** |
| **- Младинска работа** | **27** | **88.1%** |

(младински акции, активности за млади со финансиска стимулација, младински проекти и невладини организации за млади)

| | | |
|---|---|---|
| **- Самовработување** | **4** | **12.9%** |

**16. На прашањето со кои проблеми најчесто се среќаваат младите во средината во која живееат се наведени 1. 161 одговори класифицирани во 8 категории:**

| | | |
|---|---|---|
| **1. Образование** | **37** | **3.2%** |

**- Квалитетно образование** **37** **100%**

(нема квалитетно образование, игнорирање на идеите на младите, непостоење практика за студенти, недоволен број на факултети, скапо образование, лоши услови за студирање, нема соодветно образование за сите и секаде, попречување на наставата од страна на ученици, неможност за усовршување на таленти, дискриминација, незаинтересираност за образование, скапи курсеви).

**2. Вработување** **158** **13.6%**

**- Невработеност** **150** **94.9%**

(невработеност, неможност за вработување по струка, неможност за вработување)

**- Услови за вработување:** **8** **5.1%**

(да не се гледа на националноста, несигурни работни места, локалната самоуправа да вработува млади, да нема партиски вработувања)

**3. Здравство и превенција** **386** **33.2%**

**- Пороци** **360** **93.2%**

(дрога, алкохол, цигари)

**- Здравствена заштита** **26** **6.8%**

(нездрав живот, СИДА/СПИ, проституција, здравствена заштита, здравствени проблеми).

**4. Квалитет на живеење** **486** **41.9%**

**- Социјален живот** **198** **40.9%**

(насилство, девијации, конфликти - (дома, друштво, училиште), дискриминација, деликвенција, домашно воспитување, пасивност, бесперспективност)

**- Подобрување на животен стандард** **135** **27.7%**

(сиромаштија, лоша инфраструктура, невработеност, високи цени на градски сообраќај).

**- Живот без пороци** **72** **14.8%**

**- Квалитет на користење на слободно време** **72** **14.8%**

(спортски сали и спортски активности, немање забава и места за излегување, неквалитетно исполнување на слободното време)

**- Екологија** **9** **1.8%**

(заштита на животна средина)

**5. Младинско учество** **15** **1.3%**

**- Учество во младински организациии и активности на НВО** **13** **86.7%**
(непостојат невладини организации за млади, неможност за учество во проекти на млади волонтери, неорганизираност, неучество во НВО-и).

**- Вклучување во институции во заедницата** **2** **13.3%**

(вклучување на млади во државни институции).

| | | |
|---|---|---|
| **6. Информирање** | **18** | **1.5%** |
| **- Неинформираност** | **18** | **100%** |

| | | |
|---|---|---|
| **7. Култура** | **47** | **4.1%** |
| **- Едукација и промоција на културата** | **25** | **53.4%** |

(подигање на културата на населението преку едукација, проблеми во културата).

| | | |
|---|---|---|
| **- Организирање на културни настани** | **20** | **42.4%** |

(недостиг на културни манифестации, повеќе КУД, културни активности).

| | | |
|---|---|---|
| **- Изградба на културни објекти** | **2** | **4.2%** |

(изградба на библиотека, нема тетар).

| | | |
|---|---|---|
| **8. Младинска работа** | **14** | **1.2%** |
| **- Нема младинска работа** | **14** | **100%** |

**17. Во однос на наведените проблеми на прашањето какво решение имаат испитаниците и која може да биде нивната улога во решавањето на тие проблеми дадени се 548 одговори кои се поделени во осум категории:**

| | | |
|---|---|---|
| **1. Образование** | **41** | **7.5%** |
| **- Поквалитетно образование** | **23** | **56.1%** |

(по ЕУ стандарди, стипендии, посетување дополнителни часови и курсеви, подобрување на системот на образование, помала партизација на факултетите, бесплатно образование, преквалификација, промена на наставната програма, практика).

| | | |
|---|---|---|
| **- Подобри услови во образовните институции** | **16** | **39%** |

(компјутеризација, модернизација на училишта, нови и реновирани училишта, нови факултети).

| | | |
|---|---|---|
| **- Наставен кадар** | **2** | **4.9%** |

(стручен кадар)

| | | |
|---|---|---|
| **2. Вработување** | **119** | **21.7%** |
| **- Отворање нови работни места** | **104** | **87.4%** |

(нови работни места, вработување на млади кадри, вработување според струка, усовршување според струка, волонтирање со можност за вработување, вработуање во Локална самоуправа, нови фирми).

| | | |
|---|---|---|
| **- Инвестиции** | **8** | **6.7%** |

(странски инвестиции, зајакнување на приватниот сектор).

| | | |
|---|---|---|
| **- Услови за вработување и работа** | **7** | **5.9%** |

( намалување на старосната граница за пензионирање, сигурни работни места, да не се гледа на националноста, намалување на приправничкиот стаж).

| | | |
|---|---|---|
| **3. Здравство и превенција** | **152** | **27.7%** |
| **- Превенција** | **123** | **80.9%** |

(кампањи за превенција, строги мерки за превенција, почитување забрана за точење на алкохол и за пушење, забрана за продажба на алкохол за малолетници, забрана за продажба на цигари на малолетници, зголемување цена на цигари, забрана за продажба, носење и користење дрога, алкохол и цигари, програми за одвикнување од пушење, намалување на производство на алкохол, делување на полицијата).

**- Објекти** **17** **11.3%**

(установи за лекување на зависници)

**- Подобри услови во здравството** **7** **4.5%**
(задолжителен и бесплатен лекарски преглед, подобрување на условите за лекување, подобра здравствена заштита, бесплатно здравство).

**- Лекарски кадар** **5** **3.3%**
(намалување на дискриминацијата од страна на матичните лекари, стручен кадар)

**4. Квалитет на живеење** **175** **35.9%**

**- Подобрување на животен стандард** **61** **34.8%**

(зголемување на плати, намалување на цени, инфраструктурни зафати).

**- Квалитетно користење на слободното време** **57** **32.5%**

(нови спортски клубови и активности, место за забава, младинско активирање, игралишта за деца и млади).

**- Социјален живот** **28** **16.2%**

(едукација на млади, забрана за коцкање, едукација на родители, меѓуетничка толеранција, спознавање на верата, зголемување на цени на алкохол и цигари, намалување на џепарлакот).

**- Намалување на корупција , криминал, наркоманија и насилство** **23** **13.1%**

(поголем ангажман на МВР, почитување на законите).

**- Заштита на животната средина** **6** **3.4%**

(унапредување на екологијата).

**5. Младинско учество** **21** **3.8%**

**- Учество во младински организациии и активности на НВО** **16** **76.2%**

(формирање на младински организации, слобода во организирање, организирање на кампањи за младинско учество, дружење на младите, вклучување во активнсоти за млади, поттикнување во младинско организирање, волонтерска работа).

**- Вклучување во институции на заедницата** **3** **14.2%**

(покренување на акции за вклучување на младите во заедницата).

**- Вклучување во организирање на манифестации и настани** **2** **9.6%**

(отворање сезонски содржини за млади, организирано посетување на библиотеката).

| | | |
|---|---|---|
| **6. Информирање** | **9** | **1.6%** |
| **- Неинформираност** | **6** | **66.7%** |
| (поголемо информирање на младите). | | |
| **- Пристап до информации** | **3** | **33.3%** |
| (програми за информирање, намалување на речникот на омраза во медиумите ). | | |
| **7.Култура** | **19** | **3.5%** |
| **- Организирање на културни настани** | **14** | **73.6%** |
| (организирање на културни манифестации, одвојување на финансии за културни друштва) | | |
| **- Едукација и промоција на културата** | **3** | **15.9%** |
| (формирање на здружение за култура, организирање на семинари за промоција на култура, развој на култура) | | |
| **- Изградба на културни објекти** | **2** | **10.5%** |
| (театар и реновирање на Центарот за култура) | | |
| **8. Младинска работа** | **12** | **2.3%** |
| **- Самовработување** | **8** | **66.6%** |
| (самовработување) | | |
| **- Младинска работа** | **4** | **33.4%** |
| (сезонска работа, поголемо финансирање на младинска работа за младите) | | |

**18. На прашањето дали младите размислуваат да покренат иницијатива за решавање на некој од наведените проблеми во местото на живеење, одговор дале 744 испитаници и тоа:**

| | |
|---|---|
| **- ДА -** 286 | 38.5% |
| **- НЕ -** 458 | 61.5% |

**19. Од 286 испитаници кои потврдно одговориле на предходното прашање се дадени 82 иницијативи за решавање на проблемите на младите и тоа:**

| | | |
|---|---|---|
| **1. Учество на младите во животот на заедницата** | **44** | **53.7%** |
| (учество на Света божествена литургија и богослужба, достапност на младинските домови во месните заедници, неформална едукација, активирање во младински организации, немање можности за иницијативи, младински центри, волонтирање на младите во организации и институции,вклучување на младите во проекти на локалната самоуправа, ангжирање во политички партии) | | |
| **2. Развој на Локалната заедница** | **27** | **32.8%** |
| (ЛАМП преку ЛС, спортски манифестации, културни манифестации, еколошки активности, отворање на базаен, инфраструктурни зафати, отворање на центри на зависници, реформи во пензиско осигурување, нови програми во образованието) | | |
| **3. Кампањи за заштита од пороци** | **11** | **13.5%** |
| (да не се продава алкохол и цигари, медиумски кампањи) | | |

**20. Во овој дел од прашалникот е наведена листа на различни проблеми со кои младите се среќаваат во средината во која што живеат. Испитаниците одговараа до која мера секое тврдење е проблем со заокружување на броевите од 1 до 5 кои имаат одредено значење:**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| **За мене тоа не е проблем** | **Тоа е мал проблем** | **Тоа донекаде е проблем6** | **Тоа прилично е проблем** | **Тоа е голем проблем** |

**Доколку за некој проблем испитаниците сметаа дека не е присутен во средината во која живеат, го заокружуваа знакот X**

| | x | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Слабо сме информирани за можностите за понатамошно школување - | 116 | 173 | 153 | 160 | 99 | 144 | 845 |
| 2. Моето училиште/факултет е слабо опремено/мен со нова технологија | 89 | 104 | 91 | 140 | 147 | 284 | 855 |
| 3. Студентските кредити не се поволни | 143 | 90 | 76 | 162 | 131 | 226 | 828 |
